МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 646776/5
Дата 06-11-2023

# ОФИЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА
# НА НАГРАДНАТА ИГРА „ТЕЛЕКОМ НАГРАДУВА"

**ЧЛЕН 1. ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на Наградната игра „Телеком наградува " (понатаму именувана само како: ,,Наградна игра") е Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје (во понатамошниот текст: ,,Македонски Телеком"), со седиште на ,,Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставувано од Никола Љушев, Главен извршен директор (во понатамошниот текст: ,,Организатор"). Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со овие Официјални правила на Наградната игра (во понатамошниот текст:,, Официјални правила").

**ЧЛЕН 2. ОПИС И ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

2.1. Официјалното име на Наградната игра е „Телеком наградува".

2.2. Наградната игра „Телеком наградува" е игра на среќа наменета за сите корисници на припејд услугите и приватни постпејд корисници на Македонски Телеком.

2.3 Секој учесник, без оглед дали е припејд и постпејд корисник мора да се регистрира преку Telekom MK мобилната апликација на Македонски Телеком за да може да учествува во Наградната игра.

2.4 Во текот на наградната игра се предвидени да се доделат 50 дневни награди и една главна награда, утврдени во Член 10 од овие Правила.

2.5. Право на учество во наградната игра имаат лицата наведени во Член 6.

2.6 Условите за учество во наградната игра се утврдени во Член 7.

**ЧЛЕН 3. ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

**ЧЛЕН 4. ЦЕЛ**

Наградна игра се приредува заради рекламирање на припејд и постпејд услугите кои ги обезбедува Македонски Телеком на своите корисници. Наградната игра ќе се рекламира во електронските (радио и интернет) медиуми како и на социјални медиуми.

**ЧЛЕН 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра ќе започне од 22.11.2023 година и ќе трае до 10.01.2024 година.

**ЧЛЕН 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни припејд корисници на Македонски Телеком како и полнолетни приватни постпејд корисници на услугите.
Во наградната игра не може да учествуваат деловните (бизнис) корисници на постпејд услуги на Македонски Телеком. Вработените во Македонски Телеком, како и членовите на нивното потесно семејство, немаат право на учество во Наградната игра.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**ЧЛЕН 7. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

7.1. Учесник во Наградната игра може да биде лице кое има право на учество согласно член 6 од овие Официјални правила, којшто во периодот на времетраењето на Наградната игра ги исполнува следните услови:

1) За припејд корисник:
   а) Се регистрирал за учество во Наградната игра според правилата и постапката предвидена во член 8 од овие Официјални правила

б) Ја надополнил својата припејд сметка барем еднаш со вредносен ваучер на Македонски Телеком од најмалку 100 денари. За учество во извлекувањето на главната награда важат условите утврдени во член 9.2 точка 1) од овие Правила.

в) неговата СИМ картичка е активна за целото времетраење на Наградната игра, како и во моментот на доделување на наградата од Наградната игра или

2) За постпејд корисник:

а) Станал нов приватен постпејд корисник или склучил договор за лојалност (Доверба 24, Доверба 12 или Договор за фамилијарен буџет) на актуелните тарифни портфолија на Magenta 1 или Mobile на Македонски Телеком во текот на времетраењето на Наградната игра.

б) Се регистрирал за учество во Наградната игра според правилата и постапката предвидена во член 8 од овие Официјални правила.

в) Неговата СИМ картичка е активна за целото времетраење на Наградната игра, како и во моментот на доделување на наградата од Наградната игра.

7.2. Доколку добитник на наградата е припејд корисник кој во евиденцијата на Македонски Телеком не е заведен како сопственик на извлечениот припејд број, тој треба во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на добитникот со приложување на СИМ картичката на соодветниот припејд број, да докаже дека ја има во владение и со пополнување соодветни обрасци да изврши промена на сопственост на претплатничката линија согласно важечките процедури на Македонски Телеком. Оваа постапка може да се изврши во било кој продажен салон на Македонски Телеком. Доколку не се изврши промената на сопственост врз припејд СИМ картичката, наградата нема да биде доделена на тој добитник.

7.3. Со регистрацијата за учество во Наградната игра преку Telekom MK мобилната апликација на Македонски Телеком корисникот ги прифаќа овие Официјални правила на Наградната игра.

**ЧЛЕН 8. НАЧИН НА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА НАГРАДНАТА ИГРА И ПРЕСТАНОК НА УЧЕСТВО**

8.1. Секој корисник на услугите на Македонски Телеком што ги исполнува правилата за учество во Наградната игра мора да се регистрира преку Telekom MK мобилната апликација на Македонски Телеком. По извршената регистрација, корисникот добива информативна СМС порака со потврда за учество во Наградната игра.

8.2. Секој регистриран учесник во Наградната игра при прва регистрација за учество во Наградната игра автоматски ќе добие еднократен пакет од 5GB промотивен мобилен интернет сообраќај.

8.3. Доделениот еднократен пакет од 5GB промотивен мобилен интернет сообраќај може да се искористи во период од 7 дена од денот на регистрација - за припејд корисниците и во период од 30 дена од денот на регистрација - за постпејд корисниците.

8.4. За доделување на овој интернет пакет корисникот ќе биде известен по СМС.

8.5. За целото времетраење на Наградната игра, учесникот има право да прати SMS порака со текст „STOP" на бројот 1469 и со тоа да го запре понатамошното учество во Наградната игра. SMS пораките кон бројот 1469 се бесплатни.

8.6. Доколку корисникот којшто запрел со учество во Наградната игра одлучи повторно да се регистрира за учество во Наградната игра, истиот ќе биде повторно регистриран, но таквиот корисник нема право повторно да добие промотивен интернет пакет наведен во точка 8.2.

**ЧЛЕН 9. МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

9.1 Дневна награда

1) Секој припејд и постпејд учесник што се регистрирал и ги исполнува условите од Член 7.1 влегува во дневниот циклус за тој ден и се стекнува со еден (1) поен и можност за учество во извлекување на дневна награда која се доделува во соодветниот ден.
2) Доколку припејд учесник изврши повеќе надополнувања на својата припејд сметка во еден ден, истиот учесник учествува во извлекувањето на дневната награда со својот телефонски број онолку пати т.е. со онолку поени колку што извршил надополнувања.
3) За времетраењето на Наградната игра, секој ден претставува еден дневен циклус со времетраење од 24 часа. Дневниот циклус за еден календарски ден започнува во 00:00:00 часот и завршува во 23:59:59 часот;
   - За секој дневен циклус се доделува по една дневна награда на еден учесник во дневниот циклус. Наградата која се доделува во дневниот циклус е мобилен телефон T Phone;
   - Поените кои учесникот ги добил со надополнување на својата припејд сметка или со исполнување на условите за учество на постпејд корисник во еден конкретен дневен циклус не можат да се

пренесуваат во други дневни циклуси, односно по затворањето на дневниот циклус во кој учесникот партиципирал, поените за учество кои ги добил во тој дневен циклус не се пренесуваат во следниот дневен циклус;

- Извлекувањето на добитникот на дневната награда ќе се врши по случаен избор и ќе се однесува на сите учесници (припејд и постпејд) во соодветниот дневен циклус.

9.2 Главна награда

1) За да учествува во извлекувањето за главната награда, регистрираниот припејд учесник е потребно да изврши кумулативно надополнување на својата припејд сметка за времетраењето на Наградната игра во износ поголем или еднаков од 400 денари, додека постпејд учесникот треба да ги исполни условите утврдени во член 7.1 точка 2) во текот на времетраењето на Наградната игра.
2) Циклусот за главната награда е со времетраење од 50 дена и тој започнува во 00:00:00 часот на 22.11.2023, а завршува во 23:59:59 часот на 10.01.2024 година.
3) Се доделува една главна награда (автомобил Opel Corsa) за целото времетраење на Наградната игра.
4) Учесникот којшто го исполнил условот за учество во извлекувањето на главната награда ги пренесува сите поени кои претходно ги собрал од учеството во дневните циклуси во текот на наградната игра врз основа на сите поединечни надополнувања и учествува во извлекувањето на главната награда со својот телефонски број онолку пати колку што собрал поени во текот на траењето на Наградната игра.
5) Извлекувањето на добитникот на главната награда ќе биде по случаен избор. Во извлекувањето ќе учествуваат сите учесници во Наградната игра кои ги исполниле условите за учество во извлекувањето за главната награда, опишани погоре.

*Пример 1: Учесникот се регистрирал за Наградната игра преку Telekom MK апликацијата на 20.12.2023, а на ден 29.12.2023 година дополнил два ваучери во вредност од 100 и од 590 денари. Ваучерот од 100 денари е еквивалентен на 1 поен, како и ваучерот од 590 денари кој е еквивалентен на 1 поен, со што учесникот добил 2 поена за учество во Наградната игра. Со овие 2 поена, учесникот добива право за учество во извлекување на:*

*- дневна награда во дневниот циклус на 29.12.2023 година;*

*- главната награда (со оглед дека извршил кумулативно надополнување на својата сметка за времетраењето на Наградната игра во износ еднаков или поголем од 400 денари).*

*Наведените 2 поена не се акумулираат за наредните дневни циклуси. Поените се акумулираат за цели на извлекувањето на Главната награда каде што учесникот учествува со сите поени добиени за времетраењето на Наградната игра.*

*Пример 2: Учесникот на ден 29.12.2023 станал нов корисник на Македонски Телеком на тарифниот модел Mobile M и се регистрирал за Наградната игра преку Telekom MK апликацијата на 30.12.2023, учесникот добива право за учество во извлекување на:*

*- дневна награда во дневниот циклус на 30.12.2023 година;*

*- главната награда.*

*Корисникот нема право на учество во извлекување на:*

*- дневна награда во наредните дневни циклуси*

9.3. Секој учесник од еден телефонски број може да освои најмногу една дневна награда во текот на целата Наградна игра. Во случај кога некој учесник веќе освоил дневна награда, тој не може повторно да освои дневна награда, но учествува во извлекувањето за главната награда на крајот на Наградната игра, согласно условите определени со овие Официјални правила.

9.4. Учесникот може во секој момент да се одјави од Наградната игра со праќање SMS порака со текст „STOP" на бројот 1469. По одјавувањето од Наградната игра, учесникот учествува во извлекувањата од дневниот циклус за коишто има надолнето ваучер, како и во извлекувањето за главната награда, доколку ги исполнува условите предвидени со овие Официјални правила.

9.5. Припејд учесникот може во секој момент да изврши преглед на состојбата на своите поени со праќање бесплатна SMS порака на бројот 1469 со коден збор:

- DEN – доколку учесникот сака да види со колку вкупно поени учествува во соодветниот дневен циклус до моментот на праќање на пораката;
- GLAVNA - доколку учесникот сака да види со колку вкупно поени учествува во циклусот за освојување на главната награда.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**Член 10. НАГРАДЕН ФОНД**

10.1. Во Наградната игра ќе бидат доделени следниве награди:

| Опис | Кол. | Вредност на наградата без ДДВ | Вредност на наградата со ддв | Вкупна вредност на наградата без ддв | Вкупна вредност на наградата со ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| Дневна награда Мобилен телефон T Phone 5G (2023) Dusty Grey | 50 | 8.701 ден. | 10.267 ден. | 435.050 ден. | 513.350 ден. |
| Главна награда Автомобил Opel Corsa | 1 | 959.079 ден. | 1.131.729 ден. | 959.079 ден. | **1.131.729 ден.** |
| Вкупен награден фонд | | 967.780 ден. | 1.141.996 ден. | 1.394.129 ден. | **1.645.079 ден.** |

Одговорноста за исправноста на уредите, како и за исполнување на условите од гаранцијата паѓа на товар на добавувачот на уредите, согласно гарантниот лист за уредот.

10.2. Вкупниот награден фонд изнесува 1.645.079 денари (еден милион шестотини четириесет и пет илјади седумдесет и девет денари).

10.3. Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и во никој случај нема да бидат доделени повеќе награди од оние коишто се претходно определени.

10.4. Добиена награда не може да се замени за пари или други типови награди од иста вредност.

10.5. Наградниот фонд е обезбеден од страна на Македонски Телеком.

**Член 11. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

11.1. Добитниците на наградите се извлекуваат во просториите на Македонски Телеком АД - Скопје на адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, со помош на специјален софтвер обезбеден од Македонски Телеком, кој по случаен избор го избира добитникот на наградата од дневните циклуси и главната награда.

11.2. Извлекувањето награда од еден дневен циклус се врши од листа составена од сите припејд и постпејд учесници кои се квалификувани за учество во извлекувањето на дневната награда согласно Член 9.1.

11.3. Извлекувањето за дневните награди ќе се врши секој ден кој следи по денот за кој се однесува извлекувањето, освен во неработните денови, односно сабота, недела и државен празник. Во тој случај, извлекувањето ќе се врши првиот работен ден по денот за кој се однесува соодветната награда.

Пример: Наградите кои се однесуваат на добитниците за петок, сабота и недела, ќе се извлечат во понеделник (првиот нареден работен ден). Доколку во текот на неделата има државен празник, и денот е неработен, извлекувањето ќе се изврши првиот нареден работен ден.

11.4. Извлекувањето за главната награда ќе се изврши на ден 11.01.2024 година. Во извлекувањето за главната награда учествуваат сите учесници кои ги исполнуваат условите утврдени во Член 9.2. Во извлекувањето за главната награда секој учесник ќе учествува со сите поени кои ги собрал во текот на траењето на Наградната игра.

11.5. Сите извлекувања наведени во член 11.2. и 11.4. од овие Официјални правила ќе се вршат од 10.00 до 11.00 часот.

11.6. При секое извлекување награда, покрај добитникот на наградата, ќе се извлекуваат и двајца резервни добитници и тоа прв и втор резервен добитник. Наградата се доделува на еден од резервните добитници доколку се исполнети условите утврдени во член 12.3. Извлекувањето на наградите, односно определувањето на добитниците и резервните добитници го контролира Комисија составена од 2 (двајца) претставници од Организаторот.

11.7. За секое извршено извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени телефонскиот број на извлечениот добитник и добиената награда, како и телефонските броеви на резервните добитници.

## ЧЛЕН 12. ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

12.1. Личните податоци (име и презиме) и телефонските броеви на добитниците на наградите (во формат 07X XXX XYY) ќе бидат објавувани на интернет страницата www.telekom.mk, најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот кога е извршено извлекувањето на соодветната награда. Списокот со добитници ќе остане објавен на веб страницата десет (10) дена од извлекувањето на главната награда. Личните податоци на резервните добитници не се објавуваат на интернет страницата www.telekom.mk.

12.2. Македонски Телеком е должен да го контактира секој учесник кој освоил награда преку јавување на бројот преку кој учесникот учествувал во Наградната игра, со цел да го извести за наградата и начинот како да ја подигне, при што на учесникот му се земаат лични податоци за негова идентификација. При доделување и подигањето на наградата, учесникот – добитник на награда треба да се легитимира со важечки документ за идентификација.

12.3. Добитникот има право да ја подигне наградата по истекот на рокот и постапката за приговор (утврдени во член 14, а најдоцна во рок од 10 (десет) дена од денот на објавување на добитникот. Доколку добитникот не ја подигне наградата во рок од 10 (десет) дена, наградата се пренесува на првиот резервен добитник, кој има право да ја подигне наградата во рок од 10 (десет) дена од неговото известување. Доколку и првиот резервниот добитник не ја подигне наградата, вториот резервен добитник има право да ја подигне наградата во рок од 10 (десет) дена од неговото известување. Доколку и вториот резервен добитник не ја подигне наградата во дадените рокови согласно условите и правилата на Наградната игра, Организаторот нема да врши повторно извлекување нов добитник и наградата ќе остане недоделена.

12.4. За да ја подигне својата награда, добитникот на наградата мора да ги исполнува сите услови наведени во овие Официјални правила, како и:

- Да ја покаже СИМ картичката од телефонскиот број со кој учествувал во Наградната игра;
- Да се легитимира со важечки документ за идентификација за потврдување на сопственоста на бројот.

12.5. Добитниците имаат право да назначат друго лице за подигање на добиената награда, со издавање на нотарски заверено полномошно на име на тоа лице и приложување на важечки документ за идентификација на ополномоштеното лице при подигање на наградата.

12.6. Подигнувањето на наградата се потврдува со потпишување записник меѓу добитникот/полномошникот на добитникот и претставникот на Организаторот. Наградите се подигаат во просториите на Македонски Телеком.

12.7. Подигање на награда на каков било друг начин или од друго неовластено лице не е дозволено.

12.8. Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако се исполни еден од следните услови:

- Се откаже од примањето на наградата;
- Не е достапен за контакт и/или не ја подигне наградата во рокот утврден во член 12.3 од овие Официјални правила;
- При подигањето на наградата не е активен корисник на Македонски Телеком со телефонскиот број преку кој учествувал во Наградната игра, односно бројот е привремено или целосно суспендиран или деактивиран;
- Во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно точките 12.2. и 12.4. од овој член, кои се неопходни за доделување на наградата;
- не извршил промена на сопственост на припејд СИМ картичката согласно член 7.2 во дадениот рок.

## ЧЛЕН 13. ОДГОВОРНОСТ

13.1. Учесникот разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра по своја сопствена волја и на свој сопствен ризик и трошок.

13.2. Организаторот нема никаква одговорност пред учесниците чиј телефонски број бил искористен за учество во наградната игра од страна на трето лице.

13.3. Организаторот нема никаква одговорност за какво било доцнење или неможност да се прати или прими SMS порака или повик поради технички проблеми, доцнење во трансмисија или дефект во комуникациска линија во текот на траењето на Наградната игра.

13.4. Организаторот не дава гаранција на кој било учесник дека ќе биде добитник на награда без оглед на бројот на собрани поени со кои учесникот учествувал во наградната игра.

13.5. Организаторот не одговара во случај кога наградата не може да биде доделена или искористена поради:

- Неможност на добитникот или негов овластен претставник да ја подигне наградата во определените рокови;
- Околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од контрола на Организаторот.

## ЧЛЕН 14. ПРИГОВОРИ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

14.1. Во случај на несогласување, учесникот може да поднесе приговор до Македонски Телеком, во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите и тоа на адреса на деловните простории на Македонски Телеком.

14.2. Македонски Телеком е должен да одлучи по приговорот во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести учесникот кој поднел приговор.

14.3. Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат спогодбено и во духот на добрите обичаи, а во случај на спор, истиот ќе се решава во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и пред надлежен суд во Скопје.

## ЧЛЕН 15. ЗАМЕНИ И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДИТЕ

15.1 Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во Официјалните правила од страна на Организаторот. Замена на наградите со други предмети или во парична противвредност не е дозволена. Во ниту еден случај Организаторот нема да додели поголем број или различен тип на награди од бројот и типот на награди назначени во Член 10.

## ЧЛЕН 16. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ

16.1. Со регистрацијата за учество во Наградната игра корисникот дава согласност:

- Да се обработуваат неговите лични податоци само за целите на учество во Наградната игра;
- Да биде контактиран од страна на Македонски Телеком, со информативни и промотивни SMS пораки во врска со Наградната игра.

16.2. За учество во јавни настапи на организаторот со промотивен карактер во врска со врачување на наградите, потребна е дополнителна согласност од секој добитник. За учеството во ваквите јавни настапи, добитниците немаат право на дополнителен надомест.

16.3. Информации во врска со Наградната игра и Официјалните правила на Наградната игра може да се добијат на интернет страницата www.telekom.mk.

16.4. Овие Официјални правила влегуваат во сила од денот на нивното објавување на интернет страницата на Македонски Телеком (1 (еден) ден пред почетокот на Наградната игра), по претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

За Македонски Телеком АД - Скопје

Никола Љушев
Главен извршен директор

Датум:

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје 5

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup IV